Уп. бр. 08-71

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Дијагностички центар Вила Богатин д.о.о., со седиште на Под Скало 4, 4260, Блед, Словенија, доставено преку Адвокатско друштво Кнезовиќ и соработници од Скопје, на седницата одржана на ден 17.04.2025 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Дијагностички центар Вила Богатин д.о.о., со седиште на Под Скало 4, 4260, Блед, Словенија стекнува единствена контрола над КАРДИОЛОШКИ ЦЕНТЕР превентива, терапија ин рехабилитација д.о.о. Цанкарјева улица 60, 5000 Нова Горица, Република Словенија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 28.03.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од страна на Дијагностички центар Вила Богатин д.о.о., со седиште на Под Скало 4, 4260, Блед, Словенија со која Дијагностички центар Вила Богатин д.о.о., стекнува единствена контрола над КАРДИОЛОШКИ ЦЕНТЕР превентива, терапија ин рехабилитација д.о.о. Цанкарјева улица 60, 5000 Нова Горица, Република Словенија, по пат на купување на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Дијагностички центар Вила Богатин е основан во 1992 и со тоа е првиот дијагностички центар во Словенија. На почетокот, неговата главна активност била гастроентерологија; во годините што следел, неговиот обем на активности се зголемувал. Денес, негови единици функционираат во Блед, Љубљана и Ново место.

Дијагностички центар Вила Богатин ги обезбедува следните медицински клиники на пациентите: Гастроентерологија, урологија, кардиологија, ортопедија, X-зраци и ултразвук, алергологија, тиреологија, клиника за остеопороза, дерматологија, гинекологија, консултации за исхрана.

Дијагностички центар Вила Богатин нема поврзани друштва со седиште надвор од Словенија.

Директни содружници на Вила Богатин д.о.о., се:

Позаваровалница Сава д.д., Дунајска Цеста 56, 1000 Љубљана и Заваровалница Триглав д.д., Миклошичева цеста 19, 1000 Љубљана, Словенија, секој со 40% учество во основната главнина на Дијагностички центар Вила Богатин и со тоа ќе се стекнат со индиректна контрола над КАРДИОЛОШКИ ЦЕНТЕР превентива, терапија ин рехабилитација д.о.о.
Позаваровалница Сава е крајно матично друштво на Сава Осигурување Групата.
Сава Осигурување Групата моментално има четири регистрирани поврзани друштва во Северна Македонија:

- Сава Осигурување АД Скопје со ЕМБС 4778529 со приоритетна дејност неживотно осигурување,
- Сава Пензиско Друштво АД Скопје со ЕМБС 5989434 со приоритетна дејност дејности на управување со фондови,
- Сава Стејшн ДООЕЛ Скопје со ЕМБС 7005350 со приоритетна дејност техничко испитување и анализа и
- ВИТА С ХОЛДИНГ ДОО Скопје со ЕМБС 7690088 со приоритетна дејност неспецијализирана трговија на големо.

Заваровалница Триглав е крајно матично друштво на Триглав Групата.
Триглав Групата моментално има четири регистрирани поврзани друштва во Северна Македонија:

- Триглав Осигурување АД Скопје со ЕМБС 4691130 со приоритетна дејност неживотно осигурување,
- Триглав Осигурување Живот АД Скопје со ЕМБС 7233825 со приоритетна дејност животно осигурување,
- Триглав пензиско друштво АД Скопје со ЕМБС 7344228 со приоритетна дејност дејности на управување со фондови и
- ТРИГЛАВ управување со недвижен имот ДООЕЛ Скопје со ЕМБС 7729014 со приоритетна дејност изнајмување и управување на сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг).

КАРДИОЛОШКИ ЦЕНТЕР превентива, терапија ин рехабилитација д.о.о. во својата клиника за кардиологија изведува целокупен кардиолошки третмани за своите пациенти согласно Европските стандарди.

КАРДИОЛОШКИ ЦЕНТЕР нема подружници, претставништва или филијали регистрирани во Северна Македонија, ниту генерирало било каков приход на пазарот во Република Северна Македонија. Истото работи само на Словенечкиот пазар.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 (б) од Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**